*Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 , 05/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 , 14/20, 215/21 , 99/22 и 208/24) Секретарот на Општината Битола донесе*

***О Д Л У К А***
***за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник***

*1.За извршител на работите на работното место*
***1. УПР 0101В04000 работно место ниво: Помлад соработник назив: Помлад соработник за правно нормативни работи од постапка за јавни набавки***
*Одделение за јавни набавки, Сектор за финансиски прашања 1 извршител*
*се избира кандидатот **Маја Наумовска Ташкова.***

*2.По завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука, Градоначалникот на општината донесува решение за вработување.*

*3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.*

***О б р а з л о ж е н и е***
*По барање на Општина Битола, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 433/2024 на својата интернет страна, како и во дневните весници „Нова Македонија„ „Слободен печат„ и „Коха„ на ден 31.12.2024 година.*
*Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас на Агенцијата за администрација бр.10-1932/178/1 од 10.01.2025 г., формирана е Комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник.*
*Комисијата за селекција спроведе административна селекција Записник бр. 10-178/2 од 20.01.2025 г., спроведе испит за административен службеник Записник број 10-178/3 од 30.01.2025 година, како и спроведе проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Записник број 10-178/4 од 31.01.2025 година.*
*До Општина Битола доставена е конечна ранг листа од сите фази на селекција и предлог на кандидат за вработување бр. 10-178/5 од 31.01.2025 година.*
*Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.*
***Правна поука:*** Против оваа одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

*Бр.04-152/9-2024*
*12.02.2025 г.*
*Битола*
*Изготвил: Кире Ѓоргиевски*

*Општина Битола*
*Секретар*
*Борче Димитровски*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА